09-356/5
17-07-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20 – та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по поднесена пријава со бр. 09-3168/1 од 18.11.2024 година, против лицето ----------------, член на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема прекршување на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

ДКСК ќе достави укажување до Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини и до Собранието на Република Северна Македонија како надлежни институции за предлагање и носење на Законот за енергетика, со цел преиспитување на член 47 став (5) од истиот закон.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3168/1 од 18.11.2024 година е оформен по пријава од непознат подносител, со наводи дека лицето --------------------------- е незаконски именувана за член на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија, односно дека при нејзиното именување не е испочитуван членот 17 од Законот за ------

--- ( „ Службен весник " бр. 96/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24 ).

Имено, пријавителот наведува дека службеното лице ----------------- пред нејзиното именување за член на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија, била претседател на партиската комисија за енергетика на политичката партија -----------------, и поради нејзиниот избор за член на комисија е извршено грубо нарушување на независноста на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија и е овозможено влијание на политички партии врз работата на комисијата како независно регулаторно тело. Исто така, во пријавата има наводи дека лицето --------------------- била член на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија во период од 2011 година до 2017 година и за нејзиното работење Јавното обвинителство има поднесено повеќе кривични пријави а во врска со нејзиното незаконито работење.

ДКСК, за да ја утврди фактичката состојба достави Барање за доставување на податоци и информации до политичката партија ----------------, за тоа дали лицето -------------------, извршува функција во органите на партијата, дали истата ја извршувала функцијата претседател на Комисијата за ------------ во рамки на политичката партија -------------- и дали има поднесено Барање за престанок односно за мирување од одредена функција од самата партија.

Исто така, ДКСК достави Барање за доставување на податоци и информации и до Владата на РСМ од кое бара да се достави актот на Владата за именување на лицето ---------------------- за член на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија, целокупната документација за докажување на исполнетост на условите од член 17 став 3, став 4 и став 5 од Законот за енергетика ( „ Службен весник " бр. 96/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), од страна на лицето именувано за член на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија.

Во утврден законски рок од страна на политичката партија ------, доставен е Одговор на Барање, со кое ја информираат ДКСК дека лицето ------------------------ со Одлука на Извршниот комитет на --------- бр. 03-701/1 од 01.10.2020 година е именувана за претседател на комисијата за енергетика и истата е доставена во прилог на дописот. Понатаму, истата има поднесено барање за престанок на извршување на истата функција бр. 06-561/1 од 04.07.2024 година и барањето е доставено како доказ како и Потврда бр. 02-615/1 од 02.09.2024 година со кое се потврдува дека не е Претседател на

комисија за ------- на --------------- и не е член на Централниот комитет на партијата од 02.09.2024 година со што нема функција во политичката партија.

Од страна на Владата на РСМ, доставен е одговор на Барањето каде што е доставена целокупната документација за спроведената постапка во врска со Огласот бр. 07/2024 за именување на еден член на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија, објавен на 20.07.2024 година во дневните весници „ Слободен печат “, „ Вечер “ и „ Коха “ , заведен под број 14-6111/1 од 18.07.2024 година, Пријава по оглас бр. 14-6111/2 од 26.07.2024 година од лицето -------------------, Предлог со образложение за пријавени кандидати бр. 14-652/2 од 13.08.2024 година, Предлог од седницата на Влада одржана на 20.08.2024 година до Претседателот на Собранието на РСМ бр. 14-7738/2 од 22.08.2024 година и Одлука на Собранието на РСМ бр. 08-4271/1 од 03.09.2024 година ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 185/2024).

Во член 17 став (3) од Законот за ------------ ( „ Службен весник “ бр. 96/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24 ), се утврдени условите кои треба да ги исполнува едно лице, како би можело да биде именувано за член на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија: „ За член на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија, може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на електротехника, машинство, технолошки науки, градежништво, економија или право;
- да има најмалку десет години работно искуство во енергетиката, односно во обезбедувањето на водни услуги во последните 15 години пред именувањето;
- да не бил член на орган на управување или орган на надзор на друштво кое врши енергетска дејност, односно дејност поврзана со водни услуги најмалку две години пред именувањето за член на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија;
- во моментот на именувањето, со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

- функцијата член на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија се врши професионално и е неспојлива со извршување на друга функција, функција во политичка партија или работно место. Ако членот на ------------------ комисија за ---------------------- на Република Северна Македонија пред именувањето бил во работен однос, работниот однос му мирува.

Во однос на секој од наведените услови поединечно, ДКСК констатираше:

- Видно од доставената документација од Владата на РСМ, за исполнување на условот предвиден во член 17 став 3 од Законот за --------------, да е државјанин на Република Северна Македонија, од страна на пријавеното лице, било доставено Уверение за државјанство, издадено од МВР на РСМ, со кое се докажува дека лицето е државјанин на РСМ, кој доказ е доставен за предвидениот услов.
- Видно од доставената документација од Владата на РСМ, за исполнување на условот предвиден во член 17 став 3 алинеја 1 од Законот за -------------- -да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на електротехника, машинство, технолошки науки, градежништво, економија или право, од страна на пријавеното лице доставено е Уверение издадено од РО Електротехнички факултет при Универзитет„ Кирил и Методиј бр. 3/208 од 18.04.1991 година со кое лицето се стекнало со звање Дипломиран електротехнички инженер, Уверение издадено од Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј " Скопје, за положени испити од сите запишани предмети на студиската програма од втор циклус на студии Електроенергетски систем, со кое лицето се стекнало со назив Магистер по електротехника и информациски технологии потесна специјалност електроенергетски систем, кое нешто е видно од Уверението за завршен втор цисклус на студии на завршен Факултетот за електротехника и информациски технологии со бр. 09-4/3 од 29.01.2013 година.
- Видно од доставената документација од Владата на РСМ, за исполнување на условот предвиден во член 17 став 3 алинеја 2 од Законот за ------------- – да има најмалку десет години работно искуство во енергетиката, односно во обезбедувањето на водни услуги во последните 15 години пред именувањето, од страна на лицето доставен е Преглед на пријави / одјави во задолжително

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

социјално осигурување за лице заклучно со 22.07.2024 издадена од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и преглед од регистрирани податоци во матична евиденција од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување издадено од 23.07.2024 година и видно од нив е дека:

- Во Средното ------------ училиште на Град Скопје ---------- – Скопје, засновало работен однос во период од 03.10.1994 – 31.05.1998 година,
- Во ЈП„ Е---------------- на РМ“ Погон ------------ Скопје, во период од 01.06.1998 – 08.09.2005 година,
- Во „ -------------- на РМ“ – подрижница ---------- Скопје, во период од 09.09.2005 – 31.12.2008 година,
- Во Друштво за ------------- и трговија ------------ ДООЕЛ експорт – импорт ------------, во период од 17.06.2009-24.07.2009 година,
- Во Министерство за ----------------, во период од 12.08.2009 – 06.02.2011 година,
- Во -------------- комисија за ---------------------, во период од 07.02.2011 – 25.12.2017 година,
- Во Министерство за -------------, во период од 26.12.2017 – 06.02.2023 година,
- Во Државен иснпекторат за -------------- Скопје, во период од 07.02.2023 година.

ДКСК, врз основа на доставената документацја, утврди дека лицето ------------------------, има работно искуство согласно законските барања за вкупно работно искуство има најмалку десет години работно искуство во ------------- односно во обезбедувањето на в------------ услуги во последните 15 години пред именувањето.

- Видно од доставената документација од Владата на РСМ, за исполнување на условот предвиден во член 17 став 3 алинеја 3 од Законот за ---------, да не бил член на орган на управување или орган на надзор на друштво кое врши ------------- дејност, односно дејност поврзана со водни услуги најмалку две години пред именувањето за член на ---------- комисија за ---------------- на Република Северна Македонија, од страна на лицето е доставена Изјава заверена на нотар бр. УЗП 7602/2024 од 23.07.2024 година, со кое истата изјавува дека под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека најмалку две години пред именувањето за член на ---------- комисија за -------------------------, не била

член на орган на управување или орган на надзор на друштво кое врши регулирана ------------ дејност, односно дејност поврзна со ----------- услуги.

- Видно од доставената документација од Владата на РСМ, за исполнување на условот предвиден во член 17 став 3 алинеја 4 од Законот -----------------, - во моментот на именувањето, со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, од страна на лицето доставена е Потврда издадена од ЦРРСМ со кое се потврдува дека за лицето не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност и Уверние од Основен кривичен суд Скопје бр. КР -28997/24 од 03.07.2024 година дека нема обвинителен акт или правосилна судска пресуда против нејзе.

- Видно од доставнета документација од страна на ВМРО – ДПМНЕ, за исполнување на условот предвиден во член 17 став 5 од Законот за --------------, функцијата член на -------------- комисија за ----------------------- на Република Северна Македонија се врши професионално и е неспојлива со извршување на друга функција, функција во политичка партија или работно место. Ако членот на ----------------- комисија за ------------------------ на Република Северна Македонија пред именувањето бил во работен однос, работниот однос му мирува, лицето има поднесено барање за престанок на извршување на истата функција бр. 06-561/1 од 04.07.2024 година и барањето е доставено како доказ како и Потврда бр. 02-615/1 од 02.09.2024 година со кое се потврдува дека не е Претседател на комисија за енергетика на -------------- и не е член на Централниот комитет на партијата од 02.09.2024 година со што нема функција во политичката партија.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека пријавеното лице не ја врши повеќе функцијата претседател на Комисијата за --------------- во рамки на политичката партија ---------------, не е член на Централниот комитет на партијата и нема функција во политичката партија, понатаму од спроведениот оглас од страна на Владата лицето ------------------ ги исполнува условите кои што се предвидени согласно член 17 став (3) алинеи 1, 2, 3, 4 и став (5) од Законот за -------------- („ Службен весник “ бр. 96/18

и „ Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24 ), со што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување по оформениот предмет.

ДКСК оцени дека има потреба од преиспитување на член 47 став 5 од Законот за ------------- („ Службен весник на РСМ бр.101/25 и бр.135/25“) од аспект на условите за именување на членови на Комисијата, односно оцени дека има потреба од утврдување на временски период пред назначувањето на лицата за членови на --------------- комисија за ----------- на Република Северна Македонија, истите да не извршуваат должности во органите и телата на политички партии.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Република Северна Македонија * ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА * Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut * KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT * Shkup

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р. – член на ДКСК